**Известување за концентрација со која АЛФИ Рењуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., Словенија и Крафтфелд Енерџи ГмбХ, Австрија ќе стекнат заедничка контрола над ПВП Корпус С.Р.Л., Романија (предмет бр. 08-132/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 09.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која АЛФИ Рењуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со регистрирано седиште на Веровашка улица 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија и Крафтфелд Енерџи ГмбХ, со регистрирано седиште на 22/7 Аргентиниерштрасе, 1040 Виена, Република Австрија ќе стекнат заедничка контрола над ПВП Корпус С.Р.Л., со регистрирано седиште на Друмул Гура Путнеј бр. 45Х, соба 1, кат 1 стан 5, поштенски код 032603, Букурешт, Република Романија, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АЛФИ Рењуаблс, управување со алтернативни инвестициски, д.о.о. (во понатамошниот текст: „АЛФИ Рењуаблс“) и Крафтфелд Енерџи ГмбХ (во понатамошниот текст: „Крафтфелд Енерџи“) имаат намера да стекнат заедничка контрола над ПВП Корпус С.Р.Л. (во понатамошниот текст: „ПВП Корпус“). ПВП Корпус во моментот е под самостојна контрола на Крафтфелд Енерџи. Оттука, предложената трансакција се однесува на промена на контролата над ПВП Корпус од самостојна контрола (од страна на Крафтфелд Енерџи), во заедничка контрола (од Крафтфелд Енерџи и АЛФИ Рењуаблс).

АЛФИ Рењуаблс управува со спрецијализиран инвестициски фонд – АЛФИ фонд за зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд (во понатамошниот текст: АЛФИ Фондот за зелена енергија), кој врши активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика на инвестирање, во ветерни и фотонапонски електроцентрали кои произведуваат електрична енергија преку трансформација на ветерна и сончева енергија како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој. Примарниот инвестициски фокус на АЛФИ Фондот за зелена енергија се Словенија, Хрватска и Србија.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ Групата врши анализа на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.

Во својот поширок состав, АЛФИ Групата го има следново зависно друштво регистрирано во Република Северна Македонија:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. „Перо Наков“ бр. 124 Скопје – Гази Баба, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

Крафтфелд Енерџи е австриско друштво за обновливи извори на енергија кое специјализира

во развој и управување со фотонапонски (соларни) електроцентрали низ Централна и Источна Европа. Друштвото има реализирано проекти со обем кој надминува ЕУР 300 милиони и моментално има капацитети од стотици мегавати за обновливи извори на енергија кои моментално се во фаза на развој на клучните пазари, како што се Романија, Унгарија и Австрија.

Крафтфелд Енерџи е под самостојна контрола на Крафтфелд Холдинг ГмбХ, кое е крајно холдинг-друштво на Крафтфелд групата.

Крафтфелд групата развива соларни проекти и проекти за складирање на енергија, вклучувајќи идентификација на локации, обезбедување на регулаторни дозволи, инженерство, набавка на опрема, реализирање на градежни работи, со цел долгорочно управување со проектите за продажба на произведената енергија преку договори за откуп на електрична енергија или на пазарот во тековниот ден.

Крафтфелд групата не е е присутна во Република Северна Македонија и нема остварено било какви приходи во Република Северна Македонија.

ПВП Корвус е романско друштво основано во 2020 година како друштво со посебна намена за развој на Проект, со приоритетна дејност-3512 производство на електрична енергија од обновливи извори.

ПВП Корвус моментално е во завршна фаза на развој на фотоволтаичен парк лоциран во општина Гарла Маре, округ Мехединти, Романија, со одобрен капацитет за приклучок на мрежа од 50 MW и со инсталиран фотоволтаичен капацитет од приближно 73 MWp, заедно со систем за складирање на енергија со батерии со инсталиран капацитет од приближно 50 MW („Проект“).

ПВП Корвус е носител на сите издадени и важечки дозволи или договори за развој на Проектот во однос на приклучување на мрежата, прашања од областа на животната средина, правата на земјиште, правата за градење и други права релевантни за постигнување на статус Подготвено за градба. Следствено, се уште не е активно на пазарот, нема инсталиран капацитет и нема остварено никаков приход. По завршувањето на Проектот, друштвото ќе управува со фотоволтаичен парк, односно ќе произведува и продава електрична енергија произведена од сончева енергија во Романија.

ПВП Корвус не е присутно во Република Северна Македонија и не остварува било каков приход во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителите на известувањето предлагаат релевантниот пазар да се дефинира како пазар за производство и продажба на големо на електрична енергија во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.09.2026 година
Скопје